## СЕ ПЕНЗИОНИРАА

# Проф. д-р МИЛА МИРЧЕВА



На 31.3.2004 година проф. д-р Мила Мирчева, редовен професор на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, врз основа на законските прописи беше пензионирана.

Вработените на Факултетот, членовите на Наставно научниот совет и студентите ја испратија својата драга колешка и почитувана професорка со жалење, затоа што заеднички беа свесни за придонесот кој несебично го даваше за унапредување на стоматолошката наука и струка.

Проф. д-р Мирчева (Пејо) Мила е родена на 28 август 1939 год. во Д. Лапац, СР Југославија. Средно образование, гимназија, завршила во 1958 год. На Стоматолошкиот факултет во Белград дипломирала во 1964 год. Во 1972 год. се здобила со звањето специјалист по детска и превентивна стоматологија.

Во 1978 год., на Медицинскиот факултет – Стоматолошки оддел во Скопје, го одбранила хабилитациониот труд под наслов „Ефектот на администрацијата на тетрациклините во првите години од животот на забите во развој“. Со одбраната на докторската дисертација на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во 1988 год., под наслов „Некои патогенетски основи и клинички манифестации на стравот кај децата во стоматолошката практика“, се здобила со научниот степен доктор на стоматолошки науки од областа детска и превентивна стоматологија.

Првото вработување на проф. Мирчева било во 1964 год., во Здравствената амбуланта при комбинатот „Борово“ во Борово (СР Југославија). Во 1965 год. се вработила на Стоматолошката клиника, на Одделот за детска и превентивна стоматологија во Скопје.

Во 1969 год. била избрана за асистент на Катедрата за детска и превентивна стоматологија при Стоматолошкиот факултет во Скопје, а во 1972 била преизбрана. Во 1979 била избрана за доцент на истата Катедра, а во 1984 год. за вонреден професор. Изборот за редовен професор на проф. Мирчева бил извршен во 1989 год., а во 1996 год. била преизбрана во истото звање.

Во 1977/78, во траење од една година, била на стручно усовршување во Берлин, кај професор Ванделт, а во 1979 год., во траење од три месеци, во Ерфурт, кај професор Кинцел, во тогашната Западна Германија.

Во потесниот домен на професионален ангажман на професор Мирчева се психолошките аспекти во детската стоматологија. Нејзиниот интерес е насочен и кон проучување, преку примена, на современите материјали во превентивната и реставративната стоматологија во детската возраст.

Публицистичкиот опус на професор Мирчева опфаќа вкупно 93 статии, од кои 88 објавени во домашни и 5 во странски публикации.

Професор Мирчева е коавтор на учебникот "Дечја и превентивна стоматологија", во уредништво на проф. Рајиќ и во издание на ЈУМЕНА, Загреб (1985), и на „Македонско-германски стоматолошки речник“ во издание на „Студентски збор“ (1999).

Проф. д-р Мила Мирчева била раководител на Клиниката за детска и превентивна стоматологија од 1990 до 1998 год. Во 1998 год. е избрана за продекан на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на која функција се наоѓа и денес.

Меѓу општествените активности на професор Мирчева треба да ги наброиме следниве: таа била претседател на Работничкиот совет на ООЗТ Стоматолошки клиники, член на Црвениот крст на Македонија, потпретседател на Секцијата за детска и превентивна стоматологија и делегат во Здружението на лекарите на град Скопје.

За својата севкупна дејност професор Мирчева била наградувана со разни одликувања и награди: Орден на трудот со сребрен венец (1980) и Орден на трудот со златен венец (1989), двете од Претседателството на бившата СФРЈ, плакета по повод одбележувањето на 30-годишнината од формирањето на Стоматолошкиот факултет во Скопје (1989), повелба на Лекарското друштво на Македонија „Д-р Трифун Пановски“, за исклучителни резултати во унапредувањето на медицинската наука, практика и за развој на здравствената заштита (1996), плакета по повод 50 години на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (1999).

Барана од пациентите, почитувана од студентите, респектирана и ценета од колегите проф. д-р

Мирчева ќе остане како пример на голем и незаборавен учител, педагог, стручњак и колешка која несебично учествувала во вградувањето на темелите на на стоматолошката наука во државата.

Среќа,добро здравје и долг живот нека ја следат колешката професор Мирчева затоа што таа тоа навистина и го заслужила.

***Од Катедрата за детска и превентивна стоматологија***

## Проф. д-р ЕФТИМ МИРЧЕВ



Во почетокот на минатата година, февруари 2004, заблагодарувајќи му се за стореното, на професорт Ефтим Мирчев му посакавме убави пензионерски денови, добро здравје и многу радости.

Мирчев (Крум) проф. д-р Ефтим е роден на 14 февруари 1939 год. во Виница. Средно образование, гимназија, завршил во Кочани, во 1957 год. Дипломирал на Стоматолошкиот факултет во Белград во 1963 година. Со звањето специјалист по стоматолошка протетика се здобил во 1970 год.

Во 1978 год. хабилитирал. Во 1993 г. се здобил со научниот степен доктор на стоматолошки науки од областа стоматолошка протетика.

Првите работни искуства професор Мирчев ги стекнал како лекар стоматолог во Домот за народно здравје-Виница, каде што се вработил во 1964 год. Во 1965 год. се вработил како клинички лекар на Стоматолошката клиника, Оддел за болести на устата, а во 1967 год. се префрлил на Одделот за стоматолошка протетика. Во 1990 год. бил избран за редовен професор на Катедрата за фиксна стоматолошка протетика.

Во секојдневното стручно-научно работење проф. Мирчев се преокупирал со гингивалниот раб на вештачката забна коронка, гингивалниот сулкус и рабното затворање на коронките и врските на мостовите. Негов предмет на опсервација, исто така се, и масите за вложување.

Во 1979 год. бил на тримесечно стручно усовршување на Стоматолошкиот факултет во Љубљана, кај проф. д-р Палчич и проф. д-р Воловшек, а во 1973 год. на двомесечно усовршување во Белград кај познатите професори по стоматолошка протетика, проф. д-р Брановачки, проф. д-р Косовчевиќ и проф. д-р Бабиќ. Во 1978 год. бил на едногодишен стручен престој на Стоматолошкиот факултет во, тогаш, Западен Берлин, кај проф. др Карл Ајхнер и проф. др Георг Хазе.

Рефлексијата од долгогодишното стручно, научно и наставничко усовршување, кај професор Мирчев се гледа и во постигнувањето забележителни резултати во научноистражувачката работа, особено во стоматолошката протетика. Тој има објавено над 90 стручно-научни труда.

Како наставник со богато знаење и искуство во образовниот процес по предметот стоматолошка протетика, својот долг кон генерациите стручњаци што ги продуцирал, но и поради сопствен афинитет кон образовно-едукативниот процес, го исполнил со издавање на пет учебници и една скрипта: „Стоматопротетички материјали“ (скрипта) во издание на Универзитетска печатница, Скопје (1982); „Стоматолошка протетика. Едноделно леани фикснопротетички конструкции. Клиничка и техничка изработка“ (двапати преиздавана) „Просветно дело“, Скопје (1984, 1987 и 1993); „Стоматолошка технологија, неметали, метали и средства за полнење кавитети“ (еднаш преиздадена), „Просветно дело“, Скопје (1987 и 1993); „Клиника на фиксната стоматолошка протетикаг, НИП „Студентски збор“, Скопје (1996); „Претклиника на фиксната стоматолошка протетика“, НИП „Студентски збор“, Скопје (1997). Во 1999 год. „Студентски збор“ го издаде неговиот „Германско-макдеонски стоматолошки речник“ во соработка со Мирчева Мила, а во 2001 година „Тотална протеза: претклиника“.

По повод одбележување на 30-годишнината, Стоматолошкиот факултет во 1989 година ја издаде монографијата „30 години Стоматолошки факултет“ и „Македонска стоматолошка библиографија“ на кои едиции главен и одговорен уредник беше професор Мирчев. Годинава излезе од печат „Германско-македонски стоматолошки речник“, во соработка на Мирчев и Мирчева.

Во периодот од 1988 до 1994 г. професор Мирчев бил главен и одговорен уредник на списанието